Office of the Public Advocate

# Здравствено/Забно лекување за пациенти кои не се во состојба да одлучуваат

*Одговорно лице*

Medical/Dental Treatment for Patients Who Cannot Consent - Macedonian

## Зошто согласноста е важна?

Регистрираните лекари и забари не може да лекуваат пациент без валиден договор (согласност) од пациентот.

Лице постаро од 18 години може да се согласи на лекување ако ги разбира информациите од лекарот за предложеното лекување и ако може да донесе информирано решение. Ако лицето нема способност да разбира, друго лице ќе мора да ја превземе таа обврска во негово име.

## Кога не се бара согласност?

Согласност не е потребна во итен случај за лекување или забна интервенција, каде лекувањето е потребно да:

- се спаси живот
- се спречи сериозно нарушување на здравјето на пациентот
- се спречи страдање од силна болка или потрес

Согласност не е потребна и ако лекувањето е незначително, како:

- визуелен преглед на устата на пациентот
- пружање прва помош
- препишување лекови во рамките на препорачаните дози.

## Одговорно лице

Ако пациентот не може да даде согласност за неговото лекување лекарот ќе побара согласност од ‘одговорното лице’.

## Кој може да биде одговорно лице?

*Guardianship and Administration Act 1986* го дава следниот список на лица кои може да бидат одговорни лица, од првите наведени по редослед според подолу. Лицето мора да биде достапно и да сака да донесува решенија за лекување и забно лекување во име на пациентот:

1. Претставник назначен од страна на пациентот со долготрајно полномошно (лекување).

2. Лице назначено од страна на Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT) за да донесува одлуки за предложеното лекување.

3. Старател назначен од VCAT да донесува решенија за лекување/забно лекување.

4. Долготраен старател назначен од страна на пациентот да донесува решенија за лекување/забно лекување.

5. Лице назначено од страна на пациентот, на писмено, да донесува решенија за лекување/забно лекување вклучувајќи го предложеното лекување.

6. Партнерот/ката на пациентот или домашен партнер/ка

7. Примарниот негувател на лицето, вклучувајќи ги и негувателите кои добиваат Centrelink Carer’s плаќања, но исклучувајќи ги платените негуватели или пружателите на услуги.

8. Најблискиот роднина на пациентот постар од 18 години, по следниот редослед:

a. син или ќерка

b. татко или мајка

c. брат или сестра (вклучувајќи ги посвоените и полубраќа или полусестри)

d. дедо или баба

e. внук или внука

f. вујко или вујна

g. внук или внука од брат или сестра

Забелешка: Онаму каде има двојца роднини со исто значење (на пример, брат и сестра) постариот ќе биде одговорен.

## Кога одговорното лице ќе може да донесува решенија?

Одговорно лице може да даде согласност кога пациентот не е во можност да дава согласност зашто не може да ја разбере природата на предложеното лекување, или не може да ја искаже согласноста.

## Одговорности на одговорното лице

Одговорното лице мора да одлучи во најдобар интерес на пациентот. Ова значи да се земе во предвид:

- Кои се желбите на пациентот?

**Office of the Public Advocate**
Level 5, 436 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria 3000
PO Box 13175 Law Courts, Victoria 8010. DX 210293
Локален повик: 1300 309 337 TTY: 9603 9529 Телефакс: 1300 787 510
**www.publicadvocate.vic.gov.au**

The Victorian Civil and Administrative Tribunal
Guardianship List
55 King Street, Melbourne, Victoria 3000
Тел: (03) 9628 9911 Телефакс: (03) 9628 9932
Бесплатен повик: 1800 133 055
www.vcat.vic.gov.au

• Кои се желбите на семејството на пациентот?

• Какво лекување се предлага?

• Има ли ризик?

• Има ли алтарнативни лекувања?

• Кои се најверојатните последици ако не се пружи лекувањето?

## Каде одговорното лице може да побара совет?

Одговорното лице може да ја контактира OPA's Advice Service на 1300 309 337. Тоа може и да бара до VCAT да добие совет за било кое предложено лекување или забно лекување или за извршување на неговите овластувања.

## Што ќе се случи кога одговорното лице ќе ја повлече согласноста?

Лекарот не може да понуди лекување ако одговорното лице ја повлече согласноста.

Ако лекарот верува дека лекувањето е во најдобар интерес на пациентот и сака да продолжи тој мора во рок од три дена од повлекувањето на согласноста да му даде известување на одговорното лице и на OPA. Известувањето наведува дека одговорното лице може да бара до VCAT ако сака да го спречи лекувањето.

Ако одговорното лице не стори ништо лекарот може да продолжи со лекувањето. Ако одговорното лице достави барање до VCAT, ќе мора да објасни зошто се противи на лекувањето. VCAT тогаш ќе реши дали лекувањето ќе продолжи.

## Решенија кои одговорното лице не може да ги донесува

Постојат ограничувања на овластувањата на одговорното лице за давање согласност.

Ако пациентот најверојатно е во можност да даде согласност во разумно време, одговорното лице може да се согласи само за лекување:

• каде неизвршувањето на лекувањето би довело до сериозно влошување на здравствената состојба на пациентот

• кое не е против желбите на пациентот.

Одговорното лице не може да даде согласност за следните постапки:

• кои може да доведат до неплодност

• прекинување на бременост

• отстранување на ткиво за пресадување.

Пред било кои од овие постапки да може да се извршат мора да се достави барање до VCAT за да се донесе пресуда.

Одговорното лице не може да одбие лекување во име на пациентот според *Medical Treatment Act 1988*. Погледнете го информативниот лист *Одбивање на Лекување* од OPA за повеќе информации.

Одговорно лице можеби не ќе може да донесува решенија кога возрасно лице не е доброволен пациент според *Mental Health Act 1986*, и не е во можност да даде согласност на не-психијатриско лекување. Во овој случај, Mental Health Act предвидува различен список на поединци кои може да дадат согласност, од првиот наведен по следниот редослед:

1. Претставник, назначен од пациентот, со долготрајно полномошно (лекување).

2. Лице назначено од VCAT да донесува решенија за предложеното лекување.

3. Старател назначен од страна на VCAT да донесува решенија за лекување/забно лекување.

4. Долготраен старател назначен од страна на пациентот да донесува решенија за лекување/забно лекување.

5. Овластен психијатар.

## Што ќе се случи ако не постои одговорно лице?

Ако лекарот верува дека лекувањето е во најдобар интерес на пациентот, меѓутоа нема одговорно лице или истото не може да биде пронајдено, лекарот може да продолжи со лекувањето. Лекарот прво ќе мора да достави формулар според делот Section 42K of the Guardianship and Administration Act до OPA. Формуларот наведува:

• предложеното лекување

• зошто лекарот верува дека лекувањето е во најдобар интерес на пациентот

• напорите вложени да се пронајде одговорното лице.

Ако се исполнети законските барања, лекувањето може да продолжи. За формуларот Section 42K појдете на www.publicadvocate.vic.gov.au или јавете се на OPA's Advice Service на 1300 309 337.

**The Office of the Public Advocate** е независно тело основано од страна на Владата на Викторија. Тоа работи на промовирање на интересите, човечките права и достоинството на жителите на Викторија со онеспособености. Тоа пружа информации, совети, образување и помош со застапништво, старателство, полномошна и согласности за лекување и забни постапки.

**The Office of the Public Advocate** поддржува три доброволни програми, Community Visitors Program, Independent Third Persons Program и Community Guardianship Program. Community Visitors го надгледува квалитетот на услугите за онеспособени лица заради заштита на правата на овие луѓе. Independent Third Persons обезбедува подршка за луѓе со когнитивна онеспособеност или ментална болест кои имаат контакт со полицијата. Community Guardians се доброволци назначени како старатели за луѓето во Викторија со когнитивна онеспособенст кои не можат да донесуваат решенија за себе си.

**За повеќе информации појдете на:**
**www.publicadvocate.vic.gov.au**
или јавете се на нашата линија за совети на 1300 309 337 (по цена на локален повик).

12/09